ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
РВПП.бр.147/2024
04.04.2024 година
В Е Л Е С

Врз основа на чл. 97 - а ст.3 и ст. 4 од Законот за дополнување на Законот за возила (Службен Весник на РСМ бр. 87 од 25.04.2023 година) Основен суд Велес, го објавува следниот

О Г Л А С

СЕ ИЗВЕСТУВААТ заинтересираните правни и физички лица дека на ден 02.04.2024 година поднесен е Предлог за утврдување сопственост на моторно возило Т1/трактор, марка FIAT, тип 450, комерцијална ознака 450, идентификационен број на шасијата 408999, тип на мотор D115, идентификационен број на мотор 65656, година на производство: 1981, боја 71-портокалова, зафатнина на моторот 2300 cm3, сила на моторот 33,6 kw, број на седишта -1, од предлагачот Сали Мустафовски со живеалиште во с.Сливник -Велес.

Се повикуваат заинтересираните правни и физички лица во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот на огласната табла на Основен суд Велес, доколку имаат, да го докажат својот правен интерес за утврдување сопственички статус на истото погоре цитирано моторно возило.

Доколку по истекот на рокот од 30 дена заинтересираното лице писмено до судот не се обрати со докажување на својот правен интерес, судот во рок од 15 дена ќе донесе решение за легализација - утврдување на сопственички статус на возилото.

С у д и ј а
Валентина Петровска